# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

**Архивски број:04-1063/ 10**
**Датум:27.11.2023 година**

Врз основа на член 52 од Законот за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14, 48/15,154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 140/20 и 215/21), и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19,14/20,112/2020 , 215/2021 и 99/22) В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе

**О Д Л У К А**

за избор за унапредување на административен службеник

1.По интерен оглас број 03/2023 од 01.11.2023 година за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенција за администрација, за работно место Советник инспектор,со шифра ИНС 01 01 В01 000, ниво В1 - Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата - Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика - 1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- *АНЕТА ЛАМБЕВСКА*

2. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство за Анета Ламбевска во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на ова одлука.
3. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Советник инспектор,со шифра ИНС 01 01 В01 000, ниво В1 - Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата - Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр.04-1063/6 од 16.11.2023 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-1063/7 од 23.11.2023 година, по што комисијата спроведе интервју и за истиот состави Записник заведен под бр.04-1063/8 од 23.11.2023 година.

Врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во записникот заведен под бр 04-1063/8 од 23.11.2023 година, се изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници ,,Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

дена по конечноста на одлуката , донесува решение за унапредување на административниот службеник''.

Имаќи го во вид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- персонално досие
- архива

**Со почит,**

**В.Д Директор**
**м-р Јане Станкоски**

*Подготвил: С.Д*
*Одобрил: М.М*